РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-492/3
16-06-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 70-та седница одржана на ден 09.06.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3337/1 од 10.09.2021 година, оформен по пријава за сомневање за корупција, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, а ќе достави препорака до надлежните институции да преземат мерки за надминување на детектираните состојби.

Предметот со број 12-3337/1 од 10.09.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на 10.09.2021 година доставена е пријава која е заведена под број 12-3337/1 од 10.09.2021 година, по која е оформен предмет со наводи за незадоволство од постапување на градежна инспекција на Општина ------------------- и сомневање за постоење на судир на интереси помеѓу инвеститорот на зграда „-----------------------------" и градежната инспекција.

Во предметниот случај станува збор за барање, на лицето -------------------------------, поднесено до градежната инспекција односно до Секторот: Градежен инспекторат при Општина -------------- со кое бил пријавен инвеститорот „-------------------------------------" за градење на нова зграда спротивно на основниот проект на ул. ------------------------, за кој било издадено Одобрение за градење со број УП бр.------- од 09.03.2020 година со правосилност од 02.06.2020 година издадено од Општина ----------------, а по кое од страна на Општината не било одговорено и подносителот на барањето не добил писмен одговор за тоа дали и како било постапено по истото иако до Општина --------------- се обратил со три дописи.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Општина --------------------- да достави информации и податоци за предметниот случај, а по однос на следното:

- дали и како било постапено по погоренаведените барања на лицето ------------------------------, поднесени до Секторот Градежен инспекторат при Општина -------------- од 20.04.2021, од 19.07.2021 и
- дали за предметниот случај бил извршен инспекциски надзор од страна на општината и дали при истиот било излезено на увид на лице место, како и кои биле констатираните наводи при извршениот надзор и увид, со достава на копија од Записникот за извршениот надзор.

По барањето на ДКСК доставено е известување од Општината - Сектор Инспекторат за тоа дека овластениот градежен инспектор ---------------------- последен пат на работното место во Општината била на 01.09.2021 ги дека во моментот инспекторката користела боледување, а веднаш по враќањето на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

работното место од страна на инспекторката ќе биде одговорено на барањето. По ургенција на ДКСК доставени е се информации и од извршениот увид во истите констатирано е следново:

-Општина ------------- известува дека именуваниот овластен градежен инспектор при општината по враќање од боледувањето, нема покренато инспекциска постапка. Исто така, Општината известува дека поради тоа што Договорот за меѓуопштинска соработка бр. -------------------- од 17.05.2021 год. со кој се продолжува воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина --------- и општина ------------ за вршење работи од областа на градежната инспекција бил со важност до 31.10.2021 год. и истиот не бил продолжен, предметниот овластен градежен инспектор повеќе не работи во Општина ---------------.

Општина ----------- во тој момент немала вработено лице кое е лиценциран градежен инспектор и кој може да врши инспекциски надзор, односно да отпочне инспекциска постапка. По назначување на лиценциран градежен инспектор Секторот инспекторат ќе го разгледа барањето на ДКСК и ќе постапи согласно закон, во период од Јули 2022 год.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека поради опишаната фактичка состојба не е во можност да ги провери наводите, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, а да достави препорака до надлежните органи за преземање на мерки за надминување на детектираните состојби.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.